Здружение на финансиски работници
на локалните самоуправи и јавните претпријатија
Association of finance officers
of the local governments and public enterprises

Број: 0302-216
25.09.2025 година
В е л е с

До
Сектор / одделение за финансии,
буџет / Сметководство / ревизија

**Предмет**: Покана за работилница

Почитувани,

Следејќи ги потребите и барањата за обука, потребата за меѓусебно континуирано информирање, размена на информации и зголемување на вештините, како и одредбите и областите за обука наведени во Годишната програма за континуирано професионално усовршување за 2025 година, Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија со задоволство Ве поканува на работилницата:

**„ПРИМЕНАТА НА КОДЕКСОТ НА ЕТИКА, КОНТРОЛАТА НА КВАЛИТЕТ И СТАНДАРДИТЕ ЗА ЕДУКАЦИЈА ВО СМЕТКОВОДСТВОТО ПРЕДУСЛОВ ЗА КВАЛИТЕТНО И ПРОФЕСИОНАЛНО СМЕТКОВОДСТВО“**

која ќе се одржи Online на платформата ZOOM на ден 02.10.2025 година со почеток во 9.00 часот. Пожелно е учесниците да бидат регистрирани на платформата **ZOOM** до 8.45 часот, за што непосредно пред почетокот на работилницата ќе добиете корисничко име (user name) и лозинка (password). Работилницата ќе заврши во 15.10 часот.

**Здружението на финансиските работници е акредитирано од ИСОС за одржување на КПУ работилници. Темите во Агендата се КПУ акредитирани, а на учесниците на работилницата ќе им бидат евидентирани вкупно 8 КПУ часови. Работилницата ќе се одвива според правилата пропишани од ИСОС, а кои се однесуваат на организирањето и одржувањето КПУ работилници.**

Работилницата претставува одлична можност заедно со обезбедената квалитетна експертка –практичарка проф. д-р Марина Трпеска за размена на знаења, долгогодишни искуства, добри практики, информации и насоки за правилно, навремено и точно работење во областите:

- **Кодекс на етика за сметководители**
    - Усогласеност на кодексот со фундаменталните принципи и концептуалната рамка
    - Конфликт на интерес
    - Изготвување и презентирање на информации
    - Работење со доволна експертиза
    - Финансиски интерес и наградување поврзани со финансиско известување и носење на одлуки
    - Подароци и други услуги
    - Одговор на непочитување на законите и прописите
    - Притисок за кршење на основните принципи
    - Апликативни примери
- **Контрола на квалитет**
    - **Потреба од контрола на квалитет и нејзино регулирање**
    - **Стандард за контрола на квалитет**
- **Стандарди за едукација во сметководството**
    - Барања за влез во професијата
    - Почетен професионален развој
    - КПУ

Со задоволство го очекуваме присуството на сметководителите и овластените сметководители, како и лица вработени во единиците на локалната самоуправа, буџетските корисници, единките корисници, јавните здравствени установи, јавните установи, јавни претпријатија / јавни комунални претпријатија, акционерски друштва и други заинтересирани страни.

Надоместокот за учество на работилницата, добивање на материјалите по електронски пат и сертификат за учество на работилницата, по учесник **изнесува само 2.360 денари** (со вклучен ДДВ), кој можете да го уплатите на име на:
**Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија:**
**Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје**
**Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје**
**Даночен број МК 4004997107233**

**Учесниците на работилницата кои имаат статус на сметководител, односно овластен сметководител** согласно со одредбите на Законот за вршење сметководствени работи **ќе имаат право на доделување на часови за посета на настава за КПУ** согласно со акредитираните теми и времетраењето на истите опфатени со Агендата за оваа работилница.

**Пријавување на учество за работилница:** Ве молиме да го пријавите Вашето присуство во канцеларијата на Здружението со достава на пополнети Пријави за учество на работилницата на e-mail: zfrlsjpv@gmail.com kontakt_zfr@yahoo.com Формуларот за учество на работилницата и агендата се поставени на нашата веб страна http://zfr.org.mk/

За дополнителни информации обратете се во канцеларијата на Здружението на тел. 043/230-623, моб 070/265-401, 071/335-930, 076/265-136 или преку e-mail zfrlsjpv@gmail.com

Ве очекуваме да ни се придружите и заеднички да ги разрешиме сите отворени прашања и дилеми поврзани со темите од работилницата.

Со почит,

**Извршен директор,**
м-р Зоран Јанкуловски